**Велосипедска тура: Кружење на Мавровско езеро**

*соодветна за возрасни и деца со почетно ниво на физичка кондиција

Кратко инфо за пределот:

Национален парк Маврово, сместен помеѓу Шар планина, Кораб и Бистра, исцртан со сливот на реката Радика.  Мавровското (Црно) Поле, потопено во 1953 година, го создало денешното вештачко Мавровско Езеро. Доказ е старата селска црква Свети Никола, која повремено делумно или целосно потопена во вода.











Основни параметри за турата:

Должина: 32км
Тежина: лесно
Времетраење: 4 – 5 часа

| | |
|---|---|
| Највисока точка<br>1331 мнв | Најниска точка<br>1225 мнв |
| Вкупно искачување<br>624 вм | Вкупно спуштање<br>627 вм |
| Вкупно пат по асфалт<br>32 км | Вкупно пат по земја<br>/ |

Во цената на турата е вклучено следното:

- водич
- велосипед
- мала закуска и пијалок
- пикник со ручек (ланч пакет)

Што да се понесе со себе:

- Шушкавец за дожд/ветер
- Резервна облека
- Крема за сончање
- Фото апарат
- Капа

Патиштата по кои ќе движиме се локални со мала фреквенција, на одредени места не очекуваат удолнини со остри кривини и благи константни угорнини.
Стартот на турата е предвиден за паркингот на плоштадот во с. Маврово, и движи во правец кон с. Никифорово, потоа Леуново, преку Маврови анови завршува на истата стартна точка. Предвидени се неколку паузи попатно, со пикник на езерото, за да се ужива и фотографира прекрасната околина.

*турата ќе се реализира доколку се пријавени минимум 5 учесници*